Врз основа на член 93 став (6) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на образецот на барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб.

### Член 2

Барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31446/1
13.09.2012 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ

**за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб**

Од___________________________________________________________________________

(назив на трговското друштво подносител на барањето)

______________________________________________________________________________

(седиште на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 93 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 93 ставови (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Датум и место

Подносител на барањето

__________________________